**20201281683**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 17 мај 2020 година, донесе

**УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2020ГОДИНА**

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 278/19, 13/20, 88/20 и 111/20), во членот 3 во ставот (1) по зборовите „рокови за поднесување на барањата“ се додаваат зборовите „освен за реализација на подмерката 2.3. од член 2 став (3) од оваа уредба која ќе се врши според податоци за откупени количини на кравјо, овчо и козјо млеко за период од октомври 2019 година до септември 2020 година кои до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ќе ги достават регистрираните откупувачи на сурово млеко“.

Член 2

Во членот 4 во точката 1 зборовите „ , 1.18 и 1.19“ се заменуваат со зборовите „и 1.18“.

Во точката 3 зборовите „и 1.8“ се заменуваат со зборовите „„1.8 и 1.19“.

Во точката 4 зборовите „2.3. и“ се бришат.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-4130/1
17 мај 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.